**ПОВИК ЗА ИСТРАЖУВАЧ**

Центарот за интеркултурен дијалог (CID) објавува повик за истражувач кој ќе биде ангажиран во рамки на проектот „Мојот глас во мојот град“, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Истражувачот ќе биде одговорен за спроведување истражување поврзано со учеството на младите во локалните процеси на донесување одлуки во општина Куманово, со цел да се добијат податоци и препораки кои ќе помогнат во зајакнување на младинското учество и дијалог со локалните институции.

Во рамки на ангажманот, истражувачот ќе треба да изврши идентификација и прибирање на сите релевантни документи од јавни извори ; контакт и прибирање дополнителни податоци од институции и организации преку официјални барања, интервјуа или терenски консултации; анализа и категоризација на документите според тематска област и релевантност; проверка на точност, датум на издавање и извор на секој документ пред негово внесување во базата; тесна координација со проектниот тим при техничката интеграција на податоците во дигиталната база.

**Информации за проектот**

**НОСИТЕЛ: Здружение МЛАДИНСКИ СОЈУЗ – Крушево**

**ПАРТНЕРИ:**

- **Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД), Куманово**
- **Здружение Институт за развој на заедницата, Тетово**

**ДОНАТОР: Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас**

**Времетраење на проектот**

01.01.2026 – 31.12.2026

Проектот има за цел да поттикне одговорно и инклузивно локално управување преку зголемена транспарентност и активно младинско учество.

Главната цел е а се воспостави функционална и дигитална база на податоци за младите во трите целни општини, преку систематско истражување, собирање и дигитализирање на релевантни документи, политики и планови, како податочна и аналитичка основа за развој на AI алатката.

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- искуство во спроведување истражувања или анализа на податоци
- познавање на теми поврзани со младинско учество, граѓанско општество или локално управување
- способност за подготовка на аналитички извештаи
- одлично познавање на македонски јазик (познавање на албански или англиски ќе се смета за предност)

**НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ**

Заинтересираните кандидати треба да испратат: **кратка биографија (CV)** на следната е-пошта: **info@cid.mk**

Содржината на овој повик е единствена одговорност на **Центар за интеркултурен дијалог** и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.

center for intercultural dialogue
CIVICA MOBILITAS
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC